

# ШТО СМЕ ПОСЕАЛЕ, А ШТО ЖНЕЕМЕ?

Анализа на Националната стратегија за вмрежување и соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 - 2020

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
**Што сме посеале, а што жнееме?**
Анализа на Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовании стручни кадри 2013 – 2020

**Автори:**
Мила Карадафова
Оливер Андреевски

**Издавач:**
Мрежа за спречување на одлив на мозоци

**Дизајн:**
Кирил Пајмакоски

**Печат:**
Полиестердеј

**Тираж:**
200 примероци

**Поддржано од:**

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Содржината на оваа публикација е одговорност
на издавачот и авторот и не ги одразува ставовите
на Фондацијата Отворено општество - Македонија

# СОДРЖИНА


01 Вовед во анализа
**-Методологија**

03 Вовед во анализа
**-За проектот**

04 Вовед во анализа
**-Главни наоди**

07 Анализа на националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовни и стручни кадри 2013-2020

08 Анализа
**-Дел 1 / Стратешка цел 1**

10 Анализа
**-Дел 1 / Стратешка цел 2**

12 Анализа
**-Дел 1 / Стратешка цел 3**

**14** Анализа
**-Дел 1 / Стратешка цел 4**

**16** Анализа
**-Заклучок**

**17** Анализа
**-Стратешки цели**

**18** Анализа
**-Дел 2 / Влијание на стратегијата**

**21** Анализа
**-Дел 2 /Запознаеност со стратегијата од страна на лица кои ја пополниле анкетата**

**26** Анализа
**-Дел 2 / Запознаеност со стратегијата на млади лица со кои е спроведено интервју**

**29** Анализа
**-Препораки**

**32** Препораки
**-Мислења на младите кои се отселени**

**34** Препораки
**-Адресирање предизвици и стратешко планирање**

**36** Препораки
**-Неекономски параметри**

# Вовед во анализа **Методологија**

Со цел утврдување на нивото на спроведеност на Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 (во понатамошниот текст Стратегијата), беше изработен методолошки пристап со три специфични цели. Првата цел беше да се утврди целокупното ниво на спроведеност на стратегијата. Втората цел беше да се увиди евентуалниот импакт на самите активности предвидени во стратегијата. Последната цел беше да се дадат насоки со препораки за соодветните институции.

За утврдување на нивото на спроведеност на Стратегијата, беа реализирани длабински интервјуа со засегантите институции предвидени во стратегијата. Структурата на интервјуата беше определена според стратешките цели и мерките во Стратегијата во зависност од обврските предвидени за таа институција. Информации за активносите кои беа специфично опишани беа побарани преку барања за пристап на информации од јавен карактер.



Прибраните податоци беа внесувани во матрица со цел нивно систематизирање, индексирање и квантификација. Секоја активност беше оценувана според три нивоа на исполнетост, неисполнето (0), делумно исполнето (1) и целосно исполнето (2). За секоја од активностите, предвиден е тежински фактор со цел зголемување на валидноста на резултатите. Тежинскиот фактор е определен според четири критериуми како: вклучени институции, вклучени млади од земјата, вклучени млади од странство и вклучени чинители за спроведување на активноста[1]. Потоа, според оценката за секоја од активностите се пресметува просечна оценка за стратешката мерка која потоа се помножува со висината на тежинскиот фактор, при што се добива крајниот коефициент на исполнетост за секоја од мерките, а потоа и нивото на спроведеност на стратешката цел.

Со цел оценување на импактот на Стратегијата, беа спроведени длабински интервјуа со млади од дефицитарни струки кои живеат во земјата и млади кои се отселиле. Дополнително, беше спроведена и јавна анкета за стекнување поширок обем на податоци во однос на импактот на стратегијата.

За креирање на препораки беа искористени два метода. Прво, врз основа на длабинските интервјуа и барањата за информации од јавен карактер се детектираа недостатоци и предизвици со кои инстицуиите се соочиле во текот на имплементирањето на Стратегијата. Во овој дел беше изработен и специјален прашалник за релевантните институции за предизвиците во кои тие се посочуваат во процесот на стратешко планирање во целина. Второ, преку директни прашања до младите преку длабинските интервјуа и јавната анкета за тоа што тие сметаат дека недостасува во моменталната Стратегија, но и како да се преобмисли општиот пристап кон овој проблем.



1 Повеќе информации се достапни во поглавјето за спроведеност на стратегијата.

# Вовед во анализа
# За проектот

Оваа анализа е изготвена во рамки на проектот „Мрежа за спречување на одлив на мозоци" кој е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Целта на проектот е креирање поддржувачка средина за самореализација на младите од Северна Македонија и задржување на нивниот потенцијал во земјата.

Преку него ќе се обидеме да ја кренеме свеста на јавноста за проблемот со одливот на мозоци, но и ќе застапуваме мерки и политики пред институциите кои сметаме дека се потребни за да се намали иселувањето.

Покрај оваа анализа, проектот опфаќа и реализација на тркалезни маси и изработка на документ за политики кој ќе генерира препораки, како и организација на национална конференција за спречување одлив на мозоци во С. Македонија.

## За мрежата

Мрежата за спречување на одливот на мозоци е неформална мрежа составена од 7 граѓански организации кои работат на различни полиња поврзани со развојот на младите, младинските политики и права, како и младинското информирање.

Целта на Мрежата е да ја подигне свеста кај институциите и граѓаните за заминувањето на младите од земјата, како и да предлага мерки и решенија за спречување на овој феномен.

Членки на Мрежата за спречување на одливот на мозоци се: Здружение Лидери за едукација, активизам и развој, Асоцијација за едукација Младиинфо Интернационал, Здружение на граѓани Младите можат, Младински сојуз-Крушево, Здружение за дислексија Ајнштајн, Центар за младински активизам КРИК, Центар за мултидисциплинарен развој ЦМР ПРОЦЕС.



# Вовед во анализа **Главни наоди**

Анализата на стратегијата ни покажа дека процентот на имплементација на истата во овој 7 годишен период е многу мала, или 11%. Земајќи го предвид овој факт, главниот заклучок е дека истата не е приоритет на Министерството за образование и наука како надлежна институција и останатите институции.

## Процент на исполнетост на Стратегијата




Ако погледнеме подетално во четирите стратешки цели во Стратегијата, ќе забележиме дека предвидените активности или многу малку или воопшто не се спроведени. Овој факт не е изненадувачки бидејќи за оваа стратегија е донесен само 1 акциски план во 2014 година.

Оттука, запознаеноста на младите кои живеат и кои се отселиле од земјата со оваа Стратегија е многу мала, што е во сразмерност со нејзината нереализираност и немањето активности за истата.

## Запознаеност на младите кои живеат во Северна Македонија со оваа Стратегија




## Запознаеност на млади кои се отселиле од државата со оваа Стратегија




Друга област која е важен дел од Стратегијата е како државата соработува со висококвалификуваните кадри кои се имаат отселено. Тука иселениците во најголем дел сметаат дека државата не ги користи нивните потенцијали (62%) или дека не се информирани за тоа (24%). Само 6% сметаат дека потенцијалите се искористени на некаков начин.

# Македонските државни институции, преку соработка, ги користат потенцијалите на висококвалификуваните иселеници




Понатаму, како уште еден значаен наод се препораките на младите лица кои живеат во земјата и кои имаат тенденција да се отселат од една страна, и оние кои веќе се имаат отселено од друга страна. Двете таргет групи идентификуваа речиси идентични области во кои е потребно да се направат реформи за да се спречи отселувањето. Истите се:

1. *Економијата*
2. *Образованието*
3. *Меѓуинституционалната комуникација*

Во рамки на овие области се предлагаат препораки кои пред сè ќе овозможат подобар пласман на младите на пазарот на труд, зголемени можности за кариерно насочување, но и градење на вештини. Во делот на образованието се посочува дека е потребна негова модернизација и повеќе можности за истражување и обучување за време на образованиот процес. Додека во делот на меѓуинституционалната комуникација наведено е поголема соработка на институциите со младите и нивно вклучување во планирање и реализирање мерки.

# Анализа на националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовни и стручни кадри 2013-2020

Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри е изготвена од страна на Министерството за обраозование и наука и усвоена од Владата на РСМ во 2013. Истата е со важност до 2020. Досега за неа е изработен само еден акциски план во 2014 година.

Со цел да се воочи степенот на спроведеност на Стратегијата, се спроведе темелно истражување.

Во периодот ноември-декември 2019 се спроведоа 4 интерјуа со раководители или заменици - раководители на секторите:

1. *Сектор за високо образование*
2. *Сектор за меѓународна соработка*
3. *Одделение за стратешко планирање и анализа*
4. *Сектор за наука и иновации*

од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Интервју беше спроведено со директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија како наведена засегната страна во спроведување на Стратегијата.

Како извор на информации беа поднесени барања за информации од јавен карактер до Секретаријат за европски прашања, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија и Агенцијата „Invest in Macedonia“.

За откривање на финалната исполнетост на мерките се вкрстија податоците добиени од интервјуата и информациите од јавен карактер, тежинскиот фактор и секундарни податоци.

Тежинскиот фактор е вклучен со самата анализа за да се утврди квантитативно и квалитативно тежината на спроведување на мерката.



# Стратешка цел 1

Стратешката цел бр.1 од Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 гласи:

**„Создавање на национален систем за управување со движењето на високо-образовани поединци од земјата и развојно активирање на потенцијалите на интелектуалната емиграција.“**

Според анализата на податоците добиени по пат на интервјуа и информации од јавен карактер, како и секундарните податоци, целокупната спроведеност на стратешката цел е 4%.

Во оваа стратешка цел се вбројани 4 мерки кои содржат активности за исполнување на истата. Во спроведување на анализата активностите според акцискиот план за периодот 2013 – 2014, донесен во 2013, се земени како индикатори за спроведување на стратешката цел, имајќи предвид дека овој акциски план е единствен постоечки за спроведување на Стратегијата.

Мерките кои се вбројуваат со стратешката цел број 1 се:

**1. „Формирање на заедничка работна група (проектна единица) од сите ресорни инситуции и организации за управување и грижа за интелектуалната емиграција“**

Во оваа мерка, според акцискиот план, се планирани две активности во насока на формирање на работна група и креирање на акциски план за 2015 година.

Според спроведените интервјуа со институциите, од активностите делумно е исполнета едната активност, односно креиран акциски план од 2013. Во креирањето на тој акциски план учество земало само Министерството за образование и наука, со оглед на тоа дека функционална работна група воопшто не е формирана, а и самото министерство е одговорна институција за спроведување на оваа мерка.



**2. Функционален систем за полесно следење и управување со интелектуалната емиграција во Република Македонија.**

Од оваа мерка произлегуваат две активности за анализа на ставовите и поддршка за интегрирање на повратниците (интелектуалната емиграција) во земјата. Од планираните активности само поддршката за повратниците од интелектуалната миграција во земјата е делумно исполнета. Односно, студентите кои се стипендирани од страна на државата се обврзуваат да се вратат во земјата и да останат одреден временски период, а државата треба да им обезбеди работно место. Оваа активност иако не се наоѓа во акцискиот план, сепак индиректно придонесува за исполнување на мерката. За оваа мерка, одговорна институција за спроведување е Министерството за образование и наука.

**3. Промотивни настани во странство за афирмирање на политиката за намалување на одливот на високообразовани кадри и организирање на „Форум на македонските експерти во странство“.**

Оваа мерка вклучува активности за организирање на „Форум на македонските експерти во странство“. Креирање на програма, селекција на целни пазари и спроведување на програмата, со финален настан – форум. Тимот кој работеше на оваа анализа не успеа да најде информации за евентуално спроведување на активностите од оваа мерка, употребувајќи ги сите алатки спомената во воведниот дел. За спроведување на оваа мерка, одговорна институција е Агенцијата „Invest in Macedonia“.

**4. Анимирање на јавното мислење преку серија на емисии /написи во медиумите каде што ќе бидат претставувани претставници на македонската емиграција.**

Активностите во оваа мерка целат кон дефинирање на пристап, селекција на медиуми и создавање медиумски содржини за анимирање на јавното мислење и понатаму прикажување на содржините според утврден план. Според собраните информации, активностите се целосно неисполнети. За спроведување на активностите од оваа мерка, како одговорна институција е назначено Министерството за образование и наука.

# Стратешка цел 2

Стратешката цел бр.2 од Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 гласи:

**„Намалување на одливот на мозоци низ зголемување на атрактивноста на Република Македонија како место за работа и ангажман на млади високообразовани лица.“**

Според добиените податоци од спроведените интервјуа, информации од јавен карактер, како и секундарни податоци, целокупната спроведеност на стратешка цел бр.2 е 9% Во оваа стртешка цел се вклучени 4 мерки, а преки активностите поставени во единствениот акциски план и нивната спроведеност се добива поединечен резултат за исполнетост на секоја мерка и целокупната стратешка цел. Мерките кои се вбројуваат во стратешката цел бр.2 се:

**1. „Поддршка на учеството на приватниот сектор во намалувањето на одливот на високообразовани кадри“**

Во оваа мерка според акцискиот план е вклучена само една активност, и тоа анализирање на потребите и можностите на приватниот сектор. За оваа активност воопшто нема информации дека се случила, а од самите институции одговорот е дека нема информација. Според секун- дарните податоци, исто така, нема информации за евентуално спрове- дување на активноста. Одговорна институција за спрове- дување на активностите од оваа мерка е Министерството за труд и социјална политика.

**2. „Зајакнување на компетенциите на јавната администрација согласно новите трендови на работење“**

Во оваа мерка, како и претходната, вклучена е една активност според акцискиот план – Изработка на план за работа за промена на систематизација во јавните/државните институции. Според добиените информации оваа активност не е исполнета. Одговорна институција за спроведување на оваа мерка е Министерството за инфор- матичко општество и администрација.

## 3. „Оптимизација на обемот и бројот на државно финансирани образовни профили на универзитетите согласно можностите и потребите на РМ“

Оваа мерка вклучува 3 активности кои според акцискиот план се во надлежност на Министерство за образование и наука. Активностите вклучуваат проценка на потребите, подготовка на конкурс и спроведување на конкурсот со учество на универзитетите во земјата. Според добиените информации, само една активност од планираните 3 е целосно спроведена, односно проценка на потребите и можностите, додека за останатите две нема информации од страна на институциите за нивно спроведување. Нашиот соговорник од министерството сподели дека „активноста индиректно е направена преку Законот за високо образование. Постои формирано тело, одбор за доверба и соработка со јавноста. Овој одбор носи одлуки за бројот на квотите при уписите во високообразовните институции, согласно стапката на невработеност во одредени струки.“

## 4. „Подигнување на нивото на квалитет на целиот образовен систем во земјата и вмрежување на високото образование со високообразовни институции каде што работат истражувачи по потекло од Македонија“

Во оваа мерка се вбројуваат 3 активности. Активностите вклучуваат учество на наставниот и административниот персонал од универзитетите на пројдовни мобилности и подигнување на свеста и знаењето за научно-истражувачки проекти, како и учество и спроведување на активности со тематски мрежи и научни здруженија за истражување и истражувачки организации. Според добиените информации, сите три активности се делумно исполнети според поставените индикатори и информациите од акцискиот план. Како одговорни нституции за спроведување на овие активности се посочени Министерството за образование и наука и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Според нашите соговорници „постоеле одредби во законот за студиски посети, но дел од одредбите биле укинати. Постои мобилност на наставен и административен персонал од универзитетите, но тие треба сами да ги наоѓаат овие можности, не е истото обезбедено од државата. Понатаму универзитетите сами одлучуваат дали ќе се вклучат во одредени проекти. Пример е програмата „Хоризонт 2020“ – Рамковна програма за истражување и иновации (2014-2020) за којашто МОН потпишала договор.“

# Стратешка цел 3

Стратешката цел бр.3 од Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 гласи:

**„Премин од одлив кон прилив на високообразовани кадри преку зголемување на нивото и обемот на враќање на интелектуалната емиграција од Република Македонија и зголемување на свеста за развој на човечкиот капитал“**

Од информациите добиени од спроведување на анализата, целокупната исполнетост на оваа стратешка цел е 7%.Како и во претходните две, така и во оваа стратешка цел, се вбројуваат 4 мерки за исполнување на истата. Оваа стратешка цел ги содржи следните мерки:

**1. „Професионално ангажирање на претставници на интелектуалната емиграција во македонскиот приватен сектор“**

Оваа мерка вклучува 4 активности, а како одговорна институција за спроведување на активностите е посочено Министерството за економија. Овие активности содржат спроведување на анализа на потребите, подготовка на програма, селекција на претпријатија и доделување на субвенции на иселеници кои поседуваат вештини и знаења за обезбедување техничка поддршка на компаниите во земјата. Според сите побарани информации преку алатките, во оваа анализа не добивме информации за спроведување на истите, а според секундарните податоци активностите во оваа мерка не се исполнети.

**2. „Стипендирање на домашни студенти од страна на странски инвеститори“**

Во ваа мерка вклучува 3 активности и во целост се спроведува од страна на Министерството за образование и наука. Преку подготовка на план за работа и анимирање на странски инвеститори, подготовка на листа со странски компании и организирање средби. Според добиените информации од интервјуата со институции, активностите во оваа мерка се во целост исполнети, но според побараните информации од јавен каракер, не добивме одговор и став од министерството. Повторно се посочува дека оваа мерка е успешна на техничките факултети, додека кај општествените сè уште е проблем.

## 3. „Стипендирање на странски студенти на државните универзитети“

Оваа мерка вклучува 4 активности. Според акцискиот план, за спроведување на активностите, Минситерството за образование и наука е одговорна институција.

Активностите вклучуваат анализа на потребите и можностите, подготовка на конкурс, доделување стипендии и студиска посета на истражувачи од странство. Од интервјуата со лица од оваа институција добивме информација дека активностите во оваа мерка се целосно исполнети. Според побараните информации од јавен карактер, не добивме одговор дали и во која мера се спроведени овие активности. Според секундарните податоци, активностите во оваа мерка во планираниот период на спроведување на стратегијата, се спроведувани. Како примери наведени кои произлегле од оваа мерка може да се забележат стипендирани студенти на универзитетите во Охрид, Штип и Скопје, а од студиски посети на истражувачи од странство може да се забележат на скоро сите државни универзитети.

## 4. „Зајакнување на капацитетите за искористување на меѓународните фондови“

Оваа мерка вклучува една активност, а за одговорна институција е определен Секретаријатот за европски прашања. Активноста вклучува обуки за националните контакт точки за програмите во рамките на ЕУ наменети за иновации, истражување и развој.

Според сите алатки употребени во оваа анализа, не постојат достапни информации за спроведеност на активноста предвидена во акцискиот план за оваа мерка.

# Стратешка цел 4

Стратешката цел бр.4 од Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 гласи:

**„Зголемување на интелектуалната размена со странство преку поттикнување на соработката со образованите поединци по потекло од РМ кои живеат и работат во странство со македонски научно -истражувачки институции и развојни компании“**

Целокупната исполнетост на стратешката цел бр.4 е 16%. Тука може да се воочи дека оваа стратешка цел има најголем процент на исполнетост од сите. Во оваа стратешка цел се вбројуваат 4 мерки, а тие се:

## 1. „Институционална соработка и мобилност“

Оваа мерка вклучува две активности за кои одговорност презема Министерството за образование и наука. Активностите предвидуваат заедничко органзирање на настани, зголемување на можноста за користење на Европските програми преку соработка на домашни и странски универзитети и воспоставување програми за заедничка диплома и соработка. Според информациите добиени од интервјуата спроведени со институциите, овие активности се во целост исполнети, сепак се соочуваат со предизвици самите корисници, во делот на акредитација на нивните квалификации. Од друга страна, ссоработките со странски универзитети се покажале чести и успешни, а како факт се наведени билатерални договори кои нашата држава ги има склучено со други држави, а преку билатерални научно-истажувачки проекти само во 2019 година се направени над 35 проекти за посети, односно студиски размени. Од побараните информации од јавен карактер, МОН нема доставено информации за исполнување на овие активности. Од секундарните податоци може да се заклучи дека активностите од оваа мерка во голема мера се исполнети.

## 2. „Партнерство во унапредување на јавната администрација“

Оваа мерка вклучува 5 активности, а Министерството за информатичко општество и администрација е институција која е одговорна за исполнување на оваа мерка.

За активностите „анализа на потребите“ и „кратки престои на експерти со потекло од Северна Македонија во државни институции“ нема информации ниту од институциите, ниту од секундарните истражувања дали се спроведени. За активноста „Поттикнување на врски помеѓу органи на јавната администрација од Република Македонија и развиени земји, изградени врз основа на предлог и контакти, а со учество на наши иселеници“ не успеавме да најдеме информации кои би укажале на спроведеноста на оваа активност. „Студиски престој на наши претставници во странски институции“ според информациите е делумно исполнета активност, еден од соговорниците од Министерството за образование и наука сподели дека и самиот бил дел од таква активност. Меѓутоа, не добивме информација дали тоа во континуитет се спроведува. За активноста „Проекти за подобрување на административните, инфраструктурните и управувачките сегменти на системот за истражување и развој“ добивме одговор дека постојат вакви проекти и во континуитет се спроведуваат. Како пример за тоа беше наведено и воспоставувањето на „Фонд за иновации и развој“. Од побараните информации од јавен карактер, за активностите во оваа мерка нема информации дали се спроведени. Од секундарните податоци, активностите во оваа мерка се делумно спроведени.

## 3. „Вмрежување“

Оваа мерка вклучува 2 активности, а Министерството за образование и наука е назначено за одговорна институција за спроведување на мерката. Од интервјуата спроведени со институциите, активноста „Глобален инвестициски самит Македонија 2025“ е целосно спроведена, а за истата може лесно да се дојде до информации, додека за активноста „ Креирање на база на податоци, веб-портал или социјална мрежа со цел воспоставување на комуникација и вмрежување со стипендистите и научната дијаспора со потекло од Македонија“ нема информации. Од побараните информации од јавен карактер нема повратен одговор од институциите. Од секундарните податоци, исто така, се потврдува дека едната активност е во целост спроведена, додека за втората нема информации дека истата е спроведена.

## 4. „Менторство“

Оваа мерка вклучува 5 активности, а како одговорна институција за спроведување на активностите е наведено Министерството за економија. Активностите вклучуваат анализа на потребите, подготовка на програма и спроведување на конкурентни процеси на селекција на поддржаните компании, проекти и институции, проекти за програма за менторство на претприемачи, програма за трансфер на практично знаење, програма за ко-менторство на научно-истражувачка работа. Од сите искористени алатки, за оваа мерка анализата покажа дека нема информации за спроведеност на активностите.

# Заклучок

Просекот на целокупната исполнетост на Стратегијата е 11%. Според сите вкрстени податоци, можеме да заклучиме дека институциите оваа Стратегија ја немаат вклучено во својата агенда. Стратегијата е донесена во 2013 година, а акцискиот план е донесен во 2014 година. Други акциски планови не постојат. Активностите се делумно спроведени или воопшто не се спроведени.

Во податоците изнесени според стратешка цел, исполнетоста на мерки и активности, се забележува дека активностите не се спроведуваат според предвидениот акциски план и не се донесени нови акциски планови. Институциите немаат внатрешни информации за тоа дали и колку се спроведуваат активностите.

На прашањата до Министерството за образование и наука, како носител на Стратегијата, како ја оценуваат соработката со останатите чинители (институции, организации и други засегнати страни), одговорот е дека соработка по однос на Стратегијата постои делумно.

Институциите кои беа дел од интервјуата ги воочуваат следните проблеми: неконзистентноста на политиките, честа промена на челната позиција во МОН, недостаток на капацитети, желба и мотивација кај човечките ресурси, недостаток на финансиски средства, како и политичката криза.

**Како препораки дадени од страна на институциите и младите кои беа дел од истражувањето во оваа анализа се:**

1. *Конзистентност во политиките;*
2. *Поголема соработка со сите засегнати страни;*
3. *Поголема вклученост на младите во креирањето на стратегиите;*
4. *Долгорочно стратешко планирање и креирање на акциски планови;*
5. *Спроведување на веќе постоечките акциски планови и стратегии*

# Стратешки цели

**4%** Ниво на исполнетост

**СЦ1**: Создавање на национален систем за управување со движењето на високообразовани поединци од земјата и развојно активирање на потенцијалите на интелектуалната емиграција

**9%** Ниво на исполнетост

**СЦ2:** Намалување на одливот на мозоци низ зголемување на атрактивноста на Република Македонија како место за работа и ангажман на млади високообразовани лица

**15%** Ниво на исполнетост

**СЦ3:** Премин од одлив кон прилив на високообразовани кадри преку зголемување на нивото и обемот на враќање на интелектуалната емиграција од Република Македонија и зголемување на свеста за развој на човечкиот капитал

**16%** Ниво на исполнетост

**СЦ4:** Зголемување на интелектуалната размена со странство преку поттикнување на соработката со образованите поединци по потекло од РМ кои живеат и работат во странство со македонски научно-истражувачки институции и развојни компании

**11%** Исполнетост на целосната стратегија

# Дел 2
# Влијание на стратегијата

За да се осознае импактот на Стратегијата се користеа алатките:
**онлајн анкета и лични интервјуа со млади лица.**

## ОНЛАЈН АНКЕТА - ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Со анкетата беа прашани млади лица кои сè уште живеат во државата, но и оние кои се отселиле изминатите години. Испитаниците пополнија онлајн анкета во којашто беа поставени прашањата кои одговараат за импактот на Стратегијата.

Во рамки на поставената анкета пристигнаа 1,192 одговори. Прашањата беа поделени на:

1. *Општи демографски карактеристики*
2. *Прашања за млади кои живеат во државава*
3. *рашања за млади кои се иселиле.*

На прашањето: „Дали моментално живеете во Република Северна Македонија?" 1 137 испитаници, или 95,40%, одговориле ДА, додека останатите 55, или 4,60%, одговориле НЕ."

Од демографските податоци може да се забележи дека од 1.192 одговори, 1,137 лица се постојани жители на Република Северна Македонија, додека 55 испитаници се иселени од државата или поранешни постојани жители.

## Постојано живеалиште на испитаниците е Република Северна Македонија




Графикон бр. 1

Првиот дел од прашања се однесува на искуства од иселувањето и се наменети за оние млади кои се отселиле од државата. Испитаниците одговараат на темите:

-Место на сегашно живеалиште;
-Причините за нивното отселување;
-Оценување на исполнувањето на очекувањата;
-Размислувања за враќање назад и
-Запознаеноста со работата на институциите во областа на спречување на одливот на мозоци и соработка со иселениците.

Вториот дел од прашања се однесува на лицата кои сè уште живеат во Република Северна Македонија. Во овој дел од прашалникот испитаниците одговараат на темите:

-Желба за напуштање или останување во државата;
-Причините поради кои би ја напуштиле државата и
-Оценување на функционалноста на институциите, запознаеност со активностите на институциите и слично.

Возраста на испитаниците кои ја одговориле анкетата, мнозинство се млади луѓе до 30 години или 1,145 лица (96% од испитаниците), додека 47 лица (4% од испитаниците) се над 30 години.

## Возраст на испитаниците




Графикон бр. 2

699 лица или 59% се идентификуваат со женскиот пол, 486 лица или 41% се идентификуваат со машкиот пол, додека 7 лица или 0.5% одговориле со друго. Можеме да заклучиме дека според половата структура, актетниот прашалник пристапил кон приближна еднаква застапеност на половите.

## Пол на испитаниците




Графикон бр. 3

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО СТРАТЕГИЈАТА ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ ЈА ПОПОЛНИЛЕ АНКЕТАТА

Од категоријата лица кои се постојани жители на Република Северна Македонија, анкетата успеа да собере одговори од 1,136 лица.

На прашањето „Дали сте слушнале за Стратегијата за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020?“ 1,015 лица или 89,3% од испитаниците одговорија дека не се запознаени со стратегијата, а 121 лице или 10,7% од испитаниците одговорија дека се запознаени.

## Запознаеност со Стратегијата од страна на лица кои живеат во Северна Македонија




Графикон бр. 4

Од категоријата лица кои не се постојани жители на Република Северна Македонија, анкетата успеа да собере одговори од 55 лица.
На прашањето „Дали сте слушнале за Стратегијата за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020?“ 52 лица или 94,5%% од испитаниците одговорија дека не се запознаени со стратегијата, додека 3 лица или 5,5% од испитаниците одговорија дека се запознаени.

## Запознаеност со Стратегијата од страна на млади кои се отселиле од државата




Графикон бр. 5

Во следниот дел од прашања, ги прашавме иселениците „Дали сте слушнале/учествувале на промотивни настани во странство, за афирмирање на политиката за намалување на одливот на високообразовани кадри, или на форуми на македонски експерти во странство?“.

На ова прашање, двајца испитаници или 4% одговорија ДА, а 54 или 96% од вкупно 56 испитаници одговорија со НЕ.

## Дали сте слушнале/учествувале на промотивни настани во странство?




Графикон бр. 6

Од квалитативните податоци, настаните на кои присуствувале испитаниците се регионални и организирани од трети страни.
Во оваа серија прашања следното е „Дали сте учествувале во активности поврзани со тематски мрежи и научни здруженија за истражување и развој, академски институции и истражувачки организации каде што работат кадри со потекло од Македонија?“
Огромно мнозинство од 96% немаат учествувано во ниту една активност.

## Учество на активности поврзани со тематски мрежи и научни здруженија за истражување и развој




Графикон бр. 7

За ова прашање не добивме квалитативни одговори.
На прашањето „Дали сте слушнале за програми на менторство, организирани од надлежните институции од С. Македонија со цел трансфер на знаење помеѓу високообразовните кадри во земјата и иселеници во странство?“, сите испитаници одговорија дека немаат слушнато за вакви програми.

За да го дознаеме ставот на испитаниците, ја поставивме оваа реченица „Македонските државни институции, преку соработка, ги користат потенцијалите на висококвалификуваните иселеници.“, а побаравме испитаниците да ја изјават нивната согласност.

## Македонските државни институции, преку соработка, ги користат потенцијалите на




Графикон бр. 8

Големо мнозинство (62%) од испитаниците сметаат дека институциите не ги користат потенцијалите на висококвалификуваните иселеници, додека само 6% од испитаниците се согласуваат или делумно се согласуваат. Значителен процент (24%) немаа одговор на ова прашање.

Во делот од прашања упатени кон лицата кои се постојани жители во Република Северна Македонија, започнавме со прашањето „Дали според вас има видливи промени во обемот на враќање на висококвалификувани кадри назад во земјата во изминатите пет години?“

На ова прашање, најголем дел од испитаниците – 87,94% одговориле со „не“, додека 9,24% одговориле „не знам“, а мал број или 2,81% од испитаниците се изјасниле дека има видливи промени во обемот на враќање на висококвалификувани кадри назад во земјата.

## Постоење на промени во обемот на враќање на висококвалификувани кадри назад во земјата во изминатите пет години



Графикон бр. 9

Истите лица одговорија и на прашањето „Дали сте слушнале за стипендии на странски студенти на државните универзитети во С.Македонија?“ Висок процент или 78,52% одговорија потврдно, 27,47% од одговорите се негативни.

Од квалитативните податоци следствени на ова прашање, оние испитаници кои одговориле потврдно на ова прашање, наведуваат дека имаат слушнато за вакви стипендии, но не познаваат лице кое е корисник на истите. Како примери се наведуваат универзитети кои примаат странски студенти, Министерство за образование и наука, стипендии за студенти од поранешна Југославија, студенти од Турција.

Генерално сумирани одговорите даваат примери, но самите испитаници не се запознаени која е постапката за доделување на овие стипендии, кои се критериумите и кој ги доделува.

## Запознаеност со стипендирање на странски студенти на државните универзитети во Р.С. Македонија



Графикон бр. 10

Понатаму, сакавме да го увидиме ставот на постојаните жители во Р. С. Македнија. Реченицата гласи: „Во последните пет години, се зголемува атрактивноста на нашата земја како место за работа и ангажман на млади високообразовани лица.”

Најголем дел од испитаниците, или 62,67%. не се согласуваат со предложениот став. По нив следуваат оние кои се на средина, односно ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат, односно 12,67% од испиталиците. Делумно не се согласуваат 11%, делумно се согласуваат 8,97%„ а мал процент или 1,23% се согласуваат. Последно 3,25% од испитаниците одговориле со „не знам“.

## Зголемување на атрактивноста на нашата земја во последните 5 години како место за работа и ангажман на млади високообразовани лица




Графикон бр. 11

Следното прашање директно ги опфаќа дел од мерките предвидени во Стратегијата и ги прашува испитаниците „Дали сте слушнале за програми на менторство, организирани од надлежните институции од С.Македонија, со цел трансфер на знаење помеѓу високообразовните кадри во земјата и иселеници во странство?”

На ова прашање најголем дел од испитаниците или 93,22% одговориле со да, а 6,69% одговориле со не.

.

На ова прашање најголем дел од испитаниците или 93,22% одговориле со да, а 6,69% одговориле со не.
Од квалитативните информации, лицата ги наведуваат како примери Еразмус+ програмата, испраќање на медицински персонал надвор од државата, мерки за преквалификација и доквалификација во АВРСМ.

## Запознаеност со програми за менторство




Графикон бр. 12

# ИНТЕРВЈУ СО МЛАДИ
# - ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Интервјуата беа спроведени од страна на теренските истражувачите и беа водени директно со испитаниците. Вкупно беа реализирани 12 интервјуа. Различни интервјуа беа спроведени со:

1. *Високообразовани млади лица кои сè уште живеат во Република Северна Македонија*
2. *Високообразовани млади лица кои се отселиле од државата.*

**Целта на интервјуата и анкетата се:**

-Осознавање на ставовите, предизвиците и препораките

-Утврдување дали и во која мера стратегијата е позната на младите, но и општата популација.

Од шесте интервјуа спроведени со млади кои се постојани жители на државата, демографските податоци покажуваат дека 2 лица се на возраст од 23 години, 2 лица се на возраст од 25 години, 1 лице е на возраст од 27 години и едно лице е на возраст од 32 години. Во проценти, податоците се претставени во табелата подолу.

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО СТРАТЕГИЈАТА НА МЛАДИ ЛИЦА СО КОИ Е СПРОВЕДЕНО ИНТЕРВЈУ

Со младите лица кои се постојани жители на Република Северна Македонија, се реализираа вкупно 6 интервјуа.

На прашањето „Дали сте слушнале за Стратегијата за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020?" од вкупно 6, 5 лица одговорија дека не се запознаени со Стратегијата, а 1 лице одговори дека е запознаено.

Лицето кое одговори дека е запознаено со Стратегијата сподели дека нема конкретни информации за истата, но дека има слушнато дека постои таков вид на стратегија.

Од категоријата лица кои се иселени од Република Северна Македонија, се реализираа вкупно 6 интервјуа.

На прашањето „Дали сте слушнале за Стратегијата за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020?" 5 лица одговорија дека не се запознаени со Стратегијата, а 1 лице одговори дека е запознаено.

Лицето кое одговори дека е запознаено со Стратегијата сподели дека нема конкретни информации за истата, но дека има чуено дека постои таков вид на стратегија.

На прашањето: „Во текот на вашиот престој во странство, дали имате соработувано со некои од нашите институции или со бизнис секторот?" 5 лица одговориле дека немаат соработувано со институции или правни лица на каков било начин, додека 1 лице од вкупно 6, одговорило дека има соработувано со институциите.

Од квалитативните одговори, лицето кое одговорило потврдно, појаснува дека постои соработка со македонските факултети со цел разменување на искуства и идеи од областа на науката. Останатите не појаснуваат на што се должи прекинот во комунакција со институциите и правните лица во нашата држава.

На прашањето: „Дали сте слушнале/учествувале на промотивни настани во странство за афирмирање на политиката за намалување на одливот на високообразовани кадри, или на форуми на македонски експерти во странство?", сите интервјуирани 6 лица одговориле негативно.

Од тука можеме да заклучиме дека младите лица кои живеат во странство не се контактирани за учество на настани од страна на институциите задолжени за спроведување на стратегијата. Ова во целост се должи на неспроведувањето на стратегијата од страна на одговорните институции за нејзино спроведување.

На прашањето: „Дали сте наишле на некои написи во медиумите каде што моментално живеете, во кои се промовирани претставници на македонската емиграција?" 4 лица одговориле дека не се запознаени со написи во медиуми, додека 2 лица одговориле дека се запознаени со написи во медиуми.

Од квалитативните податоци, испитаниците одговараат дека социјалните мрежи се алатка на која се запознаваат со истакнати членови на македонската емиграција, а истовремено и онлајн медиумите придонесуваат за нивна промоција.

На прашањето: „Дали сте учествувале во активности поврзани со тематски мрежи и научни здруженија за истражување и развој, академски институции и истражувачки организации каде што работат кадри со потекло од Македонија?" од вкупно 6, 3 лица од испитаните иселени млади одговориле дека до сега учествуваале во активности спроведени од различни организации и институции, а останатите 3 лица одговориле дека досега немаат учествувано на вакви настани.

Како примери наведени се соработки на истражувачки групи во кои работат Македонци, како и преку учество во институции каде што работат Македонци. Најчесто оваа практика се стекнува на лична основа или преку вмрежување на кадрите преку институции независни од државните органи и индиректно придонесува кон поизитивни резултати, иако процеси не се иницирани или спроведувани од страна на државата.

Од сите достапни одговори на испитаниците, можеме да заклучиме дека Стратегијата воопшто нема импакт врз целната група. Со оглед на фактот дека многу мал дел е исполнет од истата, оваа целна група, односно иселените млади, воопшто не се запознаени со Стратегијата и нејзините цели.

# ПРЕПОРАКИ
## Што нема во стратегијата, а е посочено во интервјуата со институциите и младите.



Во посочените интервјуа со младите и институциите освен за запознаеност и исполнетост на Стратегијата, се постави и прашањето што тие сметаат дека недостасува во Стратегијата, а е потребно да биде опфатено. Како предизвици се воочуваат недостатокот на соработка и комуникација меѓу сите засегнати страни и неконзистентноста во креирањето и спроведувањето на политиките. Институциите и младите кои ги опфативме во анализата посочуваат важни сегменти во кои сметаат дека креирање мерки кои би влијаеле на овие области ќе придонесе за намалување на одливот на мозоци и успешно спроведување на стратегиите кои во иднина би ги усвојувале министерствата и Владата на Република Северна Македонија.

## МИСЛЕЊА НА МЛАДИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ЗЕМЈАТА.

Младите кои се постојани жители на Република Северна Македонија посочија неколку сегменти кои сметаат дека недостасуваат во постојната Стратегија и треба да се вметнат во новата, доколку истата се донесува. Од сумираните податоци, предлозите можеме да ги поделиме во три области, и тоа:

1. *Економија*
2. *Образование*
3. *Меѓуинституционална комуникација*

# Економија

Во областа која ја нарековме „Економија“, младите жители на државата посочуваат неколку мерки кои сметаат дека треба да се вметнат во Стратегијата во иднина.

**01** Да се внимава на политичките случувања од аспект на градење на одржлив економски раст во политички стабилна околина.

**02** Да се спроведе анализа на потребите на пазарот на труд и да се понудат соодветни мерки

**03** Да се прилагодат образовните програми

**04** Да се понудат квалитетни обуки и дипломи за стекнување вештини кои ќе ги оспособат младите за учество на пазарот на трудот

**05** Да се обезбедат услови за работа заштитувајќи го работникот и да се понудат можности за надградување и напредување во работата.

**06** Да се мотивираат работниците и да се искористат нивните капацитети со цел развој на економијата и општеството

## Образование

Образованието игра клучна улога во одлуката на младите за иселување од државата. Па затоа и младите го посочуваат како област за која треба да се посвети внимание и да се креираат мерки кои ќе донесат позитивни резултати.

**01** Зголемување на квалитетот, тежината и препознаеноста на универзитетските дипломи

**02** Модернизирање на образовните програми

**03** Воведување на нова технологија

**04** Обезбедување услови за истражување, обука и квалитетна пракса за студентите

## Меѓуинституционална комуникација

Недостатокот на соработка помеѓу институциите е голем проблем при остварување на целите на Стратегијата, а самата комуникација не е доволно развиена и опфатена во Стратегијата.Освен меѓуинституционалната соработка, младите сметаат дека соработката со бизнис и граѓанскиот сектор, може да придонесе за успешно зголемување на квалитетот на живот кај младите.

Мотивираноста се вбројува во оваа област како клучна за своеволно исполнување на сите цели и стратегии кои треба во иднина да се спроведуваат. Мотивацијата кај самите институции и кај младите за решавање на проблемите и за останување во државата е на многу ниско ниво, според младите. Доколку мотивацијата одржливо се зголемува и самите процеси многу полесно ќе вродат со плод.

# МИСЛЕЊА НА МЛАДИТЕ КОИ СЕ ОТСЕЛЕНИ

Недостатокот на соработка помеѓу институциите е голем проблем при остварување на целите на Стратегијата, а самата комуникација не е доволно развиена и опфатена во Стратегијата.Освен меѓуинституционалната соработка, младите сметаат дека соработката со бизнис и граѓанскиот сектор, може да придонесе за успешно зголемување на квалитетот на живот кај младите.

**Областите и овој пат се:**

1 *Економија*

2 *Образование*

3 *Комуникација и мотивација*

## 1. Економија

Од страна на младите кои се иселени од државата, во областа економија, се посочени препораки за унапредување на кариерното насочување, понуда на стекнување на практични вештини и генерално подобрување на квалитетот на живот на младиот човек. Кариерното насочување во соработка со бизнис секторот може да го избалансира пазарот на труд, односно да одговори на потребите на пазарот преку обликување на квалитетни кадри кои ќе бидат обучени и подготвени да се соочат со пазарот. Преку обезбедување практични вештини и мерки кои одговараат на предизвиците на стручното образование, дополнително ќе ја зголеми конкурентноста и вработливоста на младите луѓе кои своите капацитети ќе можат да ги понудат на локалната економија.

Подобрувањето на квалитетот на живот преку континуирано осовременување на секторите кои не се спомената тука, како здравство, судство, животна средина и слично, при што дополнително ќе се зголеми атрактивноста на земјата за младите луѓе кои се вклучуваат на пазарот на труд.Овие млади сметаат дека овие подобласти се значајни за зачувување на мозоците во државата. Искоренувањето на корупцијата како системски проблем, понуда на системски решенија и извлекување на економијата и бизнисот надвор од канџите на политиката, би придонело за подобрување на благосостојбата на младиот човек и инвестирање на неговите капацитети во државата.

## 2. Образование

Во делот на образованието, овие млади препорачуваат суштински образовни реформи, зајакнување на капацитетите на образовните институции, воведување современа технологија, овозможување на практични вештини за младите, како и размена на искуства и знаења со нивните врсници од странство.

Образовните реформи треба да донесат свежина во процесот и да ги оспособат младите за градење иднина. Преку соработка со институциите да се овозможи внесување на современа технологија, континуирано следење на трендови во образованието, квалитетна и платена пракса за младите ученици и студенти со цел мотивирање на нивната активност во државата.

Овозможување на соработка и размена на искуства и знаења преку различни инструменти кои се на располагање на институциите за младите со нивните врсници од странство. Вложување во развој на истражувачки проекти, овозможување простор за надградба на знаењето и практично искуство пред завршување на образовниот процес.

## 3. Меѓуинституционална комуникација

Меѓуинституционалната комуникација, како и комуникацијата на институциите со иселениците е нешто што младите иселени од државата го посочуваат како недостаток, но и нужен процес за создавање на атрактивна средина за младите. Соработката може да донесе многу идеи, експертизи, искуства и знаења од иселените луѓе, но и да воспостави мрежа на капацитети кои државата може да ги искористи за подобрување на квалитетот на живот во сите области во државата. Промоција на активности, мерки и чекори кои државата ги презема е исто така важен сегмент за воспоставување дијалог со иселениците. Преку информирање на сите засегнати страни и вклучување на истите во процесите, може да се постигне голем ефект, сметаат младите иселеници.

Инситуциите на државата кои ги интервјуиравме во рамки на оваа анализа, посочуваат, согласувајќи се со младите, дека соработката и комуникацијата се клучни за постигнување успех и видливи резултати што се однесува на спречување на одливот на мозоци. Понатаму, институциите посочуваат дека единствено со поставување континуитет на политиките кои ги спроведуваат институциите може да се постигнат резултати. Системскиот пристап кон проблемот и суштинско делување и спроведување на стратешките документи доследно, активно ќе го поттикне и мотивира системот да се справува со проблемите, а тоа повлекува и одвојување на поголеми финансиски средства потребни за реализација на активностите и постигнување на зацртаните цели.

# АДРЕСИРАЊЕ ПРЕДИЗВИЦИ И СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Во текот на интервјуата со секторите од Министерството за образование и наука кои се задолжени за оваа проблематика – Одделение за стратешко планирање и анализа и Сектор за наука и иновации, беа адресирани и предизвиците и стратешкото ппланирање на Стратегијата.

Имајќи предвид дека министерствата работат според стратешки документи и програма кои ги донесува Владата на Република Северна Македонија, овие сектори посочија дека во моментот на спроведување на интервјуата, Министерството за образование и наука работи според 4 годишната програма за работа на Владата, од која дел се и програмите за секоја година посебно. Оние кои беа набројани од страна на соговорниците беа: Реформа на јавната администрација, Стратегија за родова еднаквост, Национален акциски план за образование, Стратегија за иновации (2012-2020) и Стратегија за образование.

Во истиот момент, министерството работи според тригодишен стратешки план за работа (2019 – 2021), а во истиот период се работи на стратешки план за следниот тригодишен период (2020 – 2022).
Од страна на соговорниците, освен Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри (2013-2020), не постои друг стратешки документ кој директно работи на оваа проблематика.

Останатите програми за работа и стратешки документи, можеби индиректно се насочени на решавање на ова прашање, а тие се: Стратегија за стручно образование, Стратегија за образование на возрасни, Стратегија за претприемништво и Стратегија за образование.
Освен овие стратешки документи, програмите за работа вклучуваат и мерки кои на некој начин се насочени кон оваа проблематика. Како пример соговорниците ја наведоа мерката „Стипендирани програми за студенти кои студираат во странство, а се обврзани да се вратат во земјата по завршување на студиите во период од 2 години“.
Во однос на процесот на стратешко планирање во Министерството за образование и наука, нашите соговорници споделија дека кога се формира Владата на Република Северна Македонија, донесува 4 годишна програма, приоритет и цели на работата. Потоа овие документи се споделуваат до министерставата и до сите вработени кои можат да дадат фидбек. Стратегиите се носат во месец јуни и мора да се комплементарни со буџетот, односно да ги следат можностите кои буџетот ги има за нивно спроведување. Понатаму, во Министерството за образование и наука, Секторот за стратешко планирање ги работи истите документи внатрешно и поставува мерки и цели во координација со сите сектори. Секој сектор дава свои препораки и фидбек, а исто така предлага и иницира мерки и активности за спроведување на стратегиите.

Според соговорниците, овие документи и планови за работа се подготвуваат со внатрешна консултација, односно со чинителите кои егзистираат внатре во институциите. Надворешна широка консултација со сите засегнати страни не се прави, а според соговорниците, нема потреба бидејќи самото министерство прави проценка за активностите.

Околу проценката и известувањето, соговорниците кажуваат дека се подготвуваат квартални и годишни извештаи од сите одговорни страни и се праќаат до Владата. Годишните извештаи се објавуваат јавно, додека кварталните се за внатрешна употреба. Според податоците, за извештаите се прави проценка на планираното и на спроведеното и се сумираат податоците, кои подоцна владата ги разгледува.

Како предизвици на овие процеси, соговорниците ги наведуваат причините кои многу често се појавуваат во оваа анализа, а тоа се: недостаток од искористување на капацитетите на вработените и финансии. Дополнително на ова, во моментот на спроведување на интервјуто, еден од соговорниците сподели и дека предизвик претставува и тоа што Секторот за стратешко планирање во Министерството за образование и наука нема раководител.

Од овие изнесени информации можеме да заклучиме дека при носењето на овие важни документи, процесот не е доволно инклузивен, односно, во самиот процес не се вклучени засегнатите страни и самите корисници на мерките и активностите кои се планираат во документите. Потребна е широка консултација со сите засегнати мерки, за да се зголеми квалитетот на процесите, но и да се одговори на реалните потреби на оние кон кои се насочени овие документи. Понатаму, одговарање на предизвиците, односно поголема искористеност на капацитетите на вработените и доколку постои комплементарност на стратегиите со централниот буџет, тоа да се земе предвид во самиот процес на планирање.

# НЕЕКОНОМСКИ ПАРАМЕТРИ

Во текот на интервјуата со секторите од Министерството за образование и наука кои се задолжени за оваа проблематика – Одделение за стратешко планирање и анализа и Сектор за наука и иновации, беа адресирани и предизвиците и стратешкото ппланирање на Стратегијата.

Имајќи предвид дека министерствата работат според стратешки документи и програма кои ги донесува Владата на Република Северна Македонија, овие сектори посочија дека во моментот на спроведување на интервјуата, Министерството за образование и наука работи според 4 годишната програма за работа на Владата, од која дел се и програмите за секоја година посебно. Оние кои беа набројани од страна на соговорниците беа: Реформа на јавната администрација, Стратегија за родова еднаквост, Национален акциски план за образование, Стратегија за иновации (2012-2020) и Стратегија за образование.

Во истиот момент, министерството работи според тригодишен стратешки план за работа (2019 – 2021), а во истиот период се работи на стратешки план за следниот тригодишен период (2020 – 2022).
Од страна на соговорниците, освен Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри (2013-2020), не постои друг стратешки документ кој директно работи на оваа проблематика.

**Млади кои се постојани жители на државата.**

На прашањето „Јас би се иселил/а од нашата држава доколку...“ младите лица кои се постојани жители во државата одговорија вака:

*„Според мене единствен начин за реален успех е започнување на сопствен бизнис каде што во ниеден случај не зависам од работодавецот”.*

*„Имам добра можност повеќе да се усовршам, да добијам подобри услови за практична работа со луѓе кои вистински би го ценеле трудот, како и подобри основни услови за живот”.*

*„Јас би се иселила од нашата држава доколку не најдам работа којашто ќе ме исполни (задоволство од работните услови, можност за надградба, постепено напредување и добивање на повисоки функции, итн.) и ќе ми овозможи доволни финансии за живот којшто ќе биде исполнет и динамичен”.*

*„Добијам добра работна понуда”.*

*„Не се смени на многу подобро квалитетот на живот што го нуди државата”.*

*„Не можам да најдам работна околина во која припаѓам и од која имам поддршка, доколку мојот труд и мојата работа не се ценети”.*

Од овие одговори може да се заклучи дека квалитетот на живот кој е и најчестата спомената причина, не зависи единствено од финансиите кои ги добиваат лицата, туку и од други области. Главно можностите за личен развој, здравтството, животната средина, образованието и други, се вбројуваат во самиот квалитет на живот.

На прашањето „На што ве асоцира живеењето во нашата држава?“ младите од земјата кои ги интервјуиравме посочија дека живеењето тука ги асоцира на „тапкање во место“, „недостаток на можности“, „нефункционален систем“, „корупција“ или метафорички „заборавена градина“. Токму овие одговори се спротивноста на одговорите кои ги добивме на следното прашање:

**„На што ве асоцира живеењето надвор од нашата држава?“**

На што добивме одговори: „шанса за прогрес“, „повеќе можности“, „функционален систем“, „живот во спокој“, „оптимален живот“ и други.

Освен овие прашања, побаравме од младите да посочат три причини (освен економскиот фактор) кои би придонеле кон нивната одлука да се иселат. Ги замоливме да ги набројат од најважна до најневажна, а како најважна во најголемиот број одговори го добивме здравството, комплементарно со животната средина, потоа слабата функционалност и недовербата кон институциите, менталитетот на граѓаните, неизвесноста, недостаток од чувство на безбедност и други.

Сите овие причини на голема врата влијаат врз одлуката за иселување на младите, а сепак не претставуваат таканаречен економски фактор. Овие причини се повеќе на број и претставуваат столб на функционалност на општеството. Сите тие сектори, причини или фактори, кои младите ги детектираат како слабости или поттикнувачи на иселувањето имаат голема улога во развојот и благосостојбата на единката, но и на општеството во целина. Токму овие причини, со големо темпо ја убрзуваат одлуката на младите да ја напуштат државата.

**Млади кои живеат надвор од државата (отселени)**

На младите кои се иселени од нашата држава им поставивме слични прашања. Прво во низата беше „Кои беа за вас примарните причини за иселување?“. На ова прашање, речиси сите соговорници одговорија дека поголемите и поквалитетни можности за образование и напредок во кариерата се главните причини поради кои тие заминале од државата. Но исто така и различната култура, запознавање на различности итн.
На прашањето „Дали се исполнија вашите очекувања во однос на тоа што сакавте да го постигнете со иселувањето?“ 100% од соговорниците одговорија потврдно.

На овие млади, исто така, им го поставивме прашањето „На што ве асоцира живеењето во нашата држава?“. Во одговорите на ова прашање, доминира зборот „неорганизираност“, додека освен нефункционалноста, стресот, гужвата, корупцијата, немањето можности и нестручноста, овие млади, исто така, нашата држава ги асоцира на забава, семејтство, друштво и на дома.

Го поставивме и прашањето: „На што ве асоцира живеењето во државата каде што сте моментално?“, младите лица кои живеат во странство одговорија дека живеењето во државата каде што се во моментот ги потсетува на „сè спротивно на одговорите од претходното прашање“, точност, прецизност, поголема сигурност, можности итн. За да дознаеме и за импактот од селењето го поставивме прашањето: „Како лично на вас влијаеше иселувањето?“. Сите одговори започнуваат со позитивни аспекти како – нови можности, нови погледи на светот, ослободување, учење, надградување и слично. Додека од негативните последици, младите ги издвоија – далечината од семејството, трауматично искуство во прилагодување и други.
На оваа група млади, за разлика од претходната ги предизвикавме да ја завршат реченицата „Јас би се вратил/а да живеам во нашата држава доколку...“. Одговорите коишто ги добивме се:

***„** во нашата држава се достигнат западните социо-економски стандарди на живеење”.*

***„** би функционирале законите и институциите, би се отвориле повеќе перспективи за работа, би се решавале проблемите што се запоставуваат, би се подобрил квалитетот на животот и доколку би се вратиле сите мои пријатели да живеат таму”.*

***„** системот функционира по правила на прописи и е експедитивен”.*

***„** се среди политичката, правната, здравствената и економската состојба. Доколку се намали загадувањето (секундарно, бидејќи може и надвор од градот да се живее) и доколку новиот работодавец ми понуди подобри услови за работа и соодветна плата”.*

***„** процесот на глобализација го допре нашето крајче од светот”.*

***„** се промени целокупниот mindset на луѓето, што е невозможно, и доколку ми се понуди работа која ќе биде добро платена и ќе одговара на мојот профил”.*

Следното прашање коешто го поставивме беше: „Дали сте размислувале за враќање во Македонија и дали има нешто што недостасува за да направите таков чекор?“. Од вкупно 6 испитани млади, тројца одговорија дека размислувале за враќање во нашата држава, но не наскоро, бидејќи причините поради кои ја напуштиле државата сè уште се присутни. Доколку ситуацијата се промени во иднина, тие би се вратиле. Додека останатите тројца млади, на прашањето одговорија дека сепак не размислуваат за враќање во државата, од истите причини. Дел од нив одговорија дека размислуваат за напуштање на државата во којашто се моментално, но не и за враќање во Македонија. Сепак, доколку условите се променат во иднина, сите испитани млади се согласни дека би размислиле за враќање во државата.

Оваа група на млади исто така одговорија и кои се неекономските причини кои придонеле во нивната одлука, а во одговорите преовладуваат работничките права, можностите за личен развој и надградба, чувство на безнадежност, образование, животна средина, култура, безбедност и здравство.

### Анкетен прашалник – лица кои живеат во странство

Во анкетниот прашалник во делот каде што одговараат лица кои се отселиле од државата, освен економскиот фактор, испитаниците одговараат кои се останатите причини поради кои се отселиле. Првите 5 причини со најмногу одговори се:

1. *Кариерен развој*
2. *Потреба за промена.*
3. *Политичката ситуација во државата*
4. *Здравство*
5. *Урбано планирање и развој*

На прашањето „На скала од 1 до 5 колку се исполнија вашите очекувања во однос на тоа што сакавте да го постигнете со иселувањето?“, од 56 испитаници, 29 одговориле со 5 или дека целосно се исполниле нивните очекувања, 22 испитаници со 4, 4 одговориле со 3 и 1 испитаник со број 1, или дека нивните очекувања воопшто не се исполниле.

## Исполнување на очекувања на младите од иселувањата (1 не се исполнети-5 целосно исполнети)




Графикон бр. 13

На прашањето „Дали сте размислувале за постојано враќање назад во С. Македонија?“ од вкупно 56 испитаници,  28 одговорија дека не размислуваат да се вратат назад, 20 испитаници одговорија дека понекогаш размислуваат да се вратат во родната земја и 8 испитаници одговорија дека размислуваат да се вратат назад.

## Размислувања околу постојано враќање во Македонија

**4** Понекогаш **7** Не **28** Да

**Анкетен прашалник – лица кои живеат во Република Северна Македонија**

На оваа категорија лица го поставивме прашањето „Дали планирате да ја напуштите државата?“. Од вкупно 1,134 одговори, 696 лица одговориле со ДА, 89 лица одговориле со НЕ и 349 лица одговориле со НЕ ЗНАМ.

## Размислувања на младите за напуштање на државата во иднина

**696** Да

**349** Не знам

**89** Не

Графикон бр. 15

Понатаму, лицата ги прашавме кои причини би ги навеле за нивно отселување. Освен финансиските причини, ова се 5 причини кои добија најголемо внимание од испитаниците:

1. *Политичката ситуација во државата*
2. *Животна средина*
3. *Здравство*
4. *Кариерен развој*
5. *Човекови права*



МРЕЖА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
ОДЛИВ НА МОЗОЦИ